# ХРОНИКА И БЕЛЕШКИ

## НАУЧНА СРЕДБА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИСТОРИЧАРИ ПОСВЕТЕНА НА 50 ГОДИШНИНАТА НА КПЈ ВО МАКЕДОНИЈА

На 23 и 24 јануари оваа година во организација на Институтот за национална историја во институтската сала во присуство на преку 80 научни работници и професори-историчари од цела Македонија во Скопје се одржа научна средба посветена на дејноста на КПЈ во Македонија.

На средбата беа поднесени вкупно 13 реферати со разноврсна тематика која кај учесниците предизвика голем интерес. Од широкиот дијапазон на третираните проблеми, односот на КПЈ спрема македонското национално прашање заземаше доминантно место. Скоро во сите реферати тоа со одделни свои аспекти зазема видно место. Но поцелосно тоа е третирано во рефератите на: Орде Ивановски, *Независната работничка партија на Југославија и македонското прашање;* Тодор Симоски, *Македонското национално прашање низ политиката на КПГ;* Благоја Корубин, *Идејата за формирање на македонскиот литературен јазик и КПЈ;* Јаким Синадиновски, *КПЈ и меѓунационалните односи во текот на НОБ и денес.* Основниот и крајниот извод од направените анализи во рефератите се сведуваше во заклучокот дека изградувањето на правилната марксистичка позиција врвело постапно, но секогаш по една нагорна линија која во текот на Народната револуција и изградувањето на новата многунационална државна заедница ја доби својата полна афирмација. Работата на КПЈ во придобивањето и организирањето на македонската младина беше изложена во рефератите на: Вера Весковиќ-Вангели, *Улогата на КПЈ во решавањето на женското право на глас во Македонија;* Владо Ивановски, *Развојниот пат на СКОЈ во периодот на НОВ и Народната револуција во Македонија 1941—1944 година* и Марија Јовановиќ, *КПМ и антифашистичкиот фронт на жените во Македонија (1941—1945).* Во нив е изнесен особениот интерес на КПЈ што го пројавувала спрема младата македонска генерација како кон една од своите највитални трансмисии на своето политичко дејствување сред работните народни маси во нивното придобивање за делото на социјализмот. *Односот на КПЈ кон народностите во Македонија во легалниот период 1919—1920* ја сочинуваше содржината на рефератот на Глигор Тодоровски и Масар Кодра, а рефератот на Галена Куцулова беше

посветен на: *Улогата на КПЈ во Македонија во времето на НОБ за ширење на братството и единството со другите народи на Југославија.* *„Борбата на КПЈ за поврзување на работничкото со национално-ослободителното-движење во еден револуционерен фронт“* беше разгледана во рефератот на Славка Фиданова, а *„Специфичните околности на развитокот на ослободителната војна и револуција во Македонија“* беа разгледани во рефератот на Велимир Брезовски, *Интернационализмот на КПЈ на тлото на Македонија во текот на Народната револуција* беше разгледан од Миле Тодоровски.

По сите реферати, кои однапред беа умножени и доставени на учесниците, се разви опширна и содржајна дискусија во која беа изнесени мошне интересни дополнувања и размислувања по низа прашања изоставени или третирани во изнесените реферати.

Оваа научна средба, на која беа изнесени најновите резултати на македонската историографија во проучувањето на револуционерната дејност на КПЈ во Македонија во периодот 1919—1944 година, претставува значаен допринос за понатамошното поцелосно проучување на историјата на македонското работничко и комунистичко движење.

**О. И.**

## СЕМИНАР ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ОД СР СРБИЈА И СР ЦРНА ГОРА, ОДРЖАН НА 2 и 3 ФЕВРУАРИ 1970 ГОДИНА ВО БЕЛГРАД

Контактите и взаемната соработка што Сојузот на историските друштва на СРМ ги имаше во последниве две години со другите републички друштва дадоа корисни резултати. Така на пр., на семинарот за изучувањето на бугарската историја, што се одржа во почетокот на 1968 година, за наставниците на СР Србија во Белград, учествуваа три члена на нашиот Сојуз како предавачи. Дводневниот работен состанок што се одржа меѓу претставниците на Историското друштво и Заводот за унапредување на школството на СР Србија и претставници на адекватните институции од СРМ беше мошне корисен, бидејќи на него се разгледаа и колку што можеше усогласија наставните планови и програми за наставата по историја на двете републики.

Она што посебно треба да се истакне е интересот кај другите републички друштва за историјата на македонскиот народ. Така на пр., во јули 1969 година, Друштвото на историчарите на СРХ и Заводот за унапредување на школството на оваа република организираа неколкудневен подвижен семинар низ СР Македонија за изучување на историјата на македонскиот народ.

Ваквата форма на соработка продолжи и во 1970 година. На 2 и 3 февруари 1970 година во Белград се одржа семинар за наставниците по историја од СР Србија и СР Црна Гора. Овој семинар беше посветен исклучиво на изучувањето на историјата на македонскиот народ. На семинарот присуствуваа околу 500 наставници. На овој семинар беа одржани 9 предавања од 6 предава-